Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-580/3
16-10-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-580/1 од 23.08.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавното информирање и медиумите, од страна на „Deutsche Welle Mazedonische Redaktion" – Дојче Веле Македонска редакција, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација "(Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-580/1 од 23.08.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 23.08.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) по електронски пат беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Скопје, заведена под број 08-580/1, а против „Deutsche Welle Mazedonische Redaktion" – Дојче Веле Македонска редакција, за сторена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавното информирање и медиумите.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *претставката треба да ги содржи следниве елементи:* ***податоци за подносителот****, податоци за лицето против кого се поднесува претставката,* ***околностите и фактите врз кои се темели претставката****, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.*

Имено, во поднесената форма по електронски пат до Комисијата, недостасува делот – Образложение на претставката, во кој треба да бидат наведени факти и околности од кои ќе се стори веројатно дека е извршена дискриминација. Поради ова на 29.08.2024 година Комисијата, согласно член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителката на претставката по писмен пат и достави Барање за доуредување на претставката, заведена под број 08-580/2. Од подносителката беше побарано да ги наведе фактите и околностите од кои според неа произлегува дека е сторен акт на дискриминација, како и докази за актот на дискриминација.

Писменото беше вратено од страна на носителот на поштенски услуги со назанака за непозната адреса, а подностелката во претставката нема наведено други податоци за контакт. Земено предвид наведеното, Комисијата не беше во можност на ниту еден начин да изврши достава на Барањето за доуредување на претставката до подносителката, па поради наведеното не е во можност да постапува по истата. Со оглед на горното, се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Скопје
16.10.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД